# Информативен лист за шеќерна болест за родители и старатели

**Diabetes Information Sheet for Parents and Carers**

Сте утврдиле дека вашето дете беше дијагностицирано со шеќерна болест (дијабетес) тип 1 (type 1 diabetes). Ви благодариме што не информиравте за тоа.

Иако главната улога на училиштето е да нуди образование, сакаме вашето дете да се чувствува релаксирано и среќно на училиште и вие да бидете сигурни дека добро се грижиме за него.  Директорот на училиштето ќе работи со вас на подготвување на посебен план за здравствена нега на вашето дете. Во некои случаи, директорот можеби ќе треба да побара дополнителна поддршка од соодветните школски органи за да го утврди најдобриот начин на кој ќе можат да се задоволат потребите на вашето дете. Ако сакате да го запишете вашето дете во училиштето или ако тоа е веќе запишано во училиштето, можеби ќе има мало задоцнување додека да ги извршиме подготовките.

За да може да ги задоволи потребите на вашето дете, училиштето ќе ги преземе следните чекори.

## ЧЕКОР бр.1. Подготвување на поединечен план за здравствена нега

Овој план ќе вклучува:

- Податоци за шеќерната болест на вашето дете
- Фотографија на вашето дете
- Мерки што ќе ги преземе училиштето за да му помага на вашето дете да ја контролира шеќерната болест додека е на училиште и да го намали на минимум ризикот од појава на хипогликемија или хипергликемија (намалени или зголемени вредности на шеќер во крвта)
- Подготовки школскиот персонал да може да му нуди поддршка на вашето дете, на пример, да му помага на ученикот да ја контролира болеста и да воведе соодветни посебни мерки за грижа
- План како да се постапува во итен случај
- Податоци како да ве контактираме во итен случај и податоци за друго лице во случај да не можеме да ве добиеме
- Начин  на кој ќе се организира низ училиштето да се стават фотографијата на вашето дете и податоци за неговите потреби на места за кои ќе се договориме
- Вашиот потпис заедно со потписот на директорот, за да се покаже дека сте ги прочитале податоците и дека ве консултирале вас и вашето дете при подготвувањето на планот.

Докторот на вашето дете ќе треба да достави податоци за видот на шеќерната болест, за соодветните лекарства и соодветното лекување во итен случај.

**ЗАБЕЛЕШКА**: Се поттикнуваат родителите да го земат предвид времето кога ученикот не е згрижен или под надзор на училиштето и да направат соодветни планови.  На пример, времето кога ученикот патува до и од училиште и кога се наоѓа во дневен престој пред и после наставата.

## ЧЕКОР бр.2. Документи и доставување на препишани лекарства

За сите лекарства што треба да ги прими вашето дете, ќе биде потребно да доставите писмено барање до директорот во кое ќе бидат вклучени упатствата како тие се даваат.  Лекарството/лекарствата и инструментите за еднократна употреба со соодветни налепници (на пример, опрема за проверка на шеќер во крвта и инсулинско пенкало) ќе треба да ги донесете во училиштето.

Од вас ќе се бара да ја подготвувате опремата на вашето дете за шеќерната болест за таа да биде спремна за употреба секој школски ден.

Ако сакате вашето дете самостојно да прима лекарства додека е на училиште, ќе биде потребно да доставите писмено барање за тоа.  Директорот е одговорен да  одлучи дали одреден ученик може безбедно самостојно да прима лекарство.  Директорот можеби ќе сака да побара лекарски совет во врска со тоа.

Во дополнение, училиштето е законски обврзано да преземе разумни мерки за да осигура самостојното примање на лекарства да се изведува безбедно.  Потребно е поголемо надгледување во ситуации кога учениците се помалку зрели или способни и кога повеќе зависат од помош од возрасно лице.

Кога учениците се способни самостојно да примаат лекарства, тие ќе соработуваат ако бидат вклучени при подготвување на безбедни постапки  за примање на препишаните лекарства.  На пример, некои ученици може да претпочитаат самостојно да ги земаат лекарствата во нивната училница.

Исто така, ве молиме известете го училиштето ако вашето дете носи бразлетна или ѓердан за здравствена тревога. Diabetes Australia-NSW им препорачува на учениците да носат една од овие две работи.

## ЧЕКОР бр.3. Комуницирање со вашиот доктор

Во училиштето би сакале да им дадете дозвола да го/ги контакираат вашиот доктор/членовите на екипата што се грижи за шеќерната болест на вашето дете ако тоа е потребно.  Ќе го добиете формуларот *Authorisation to Contact Medical Practitioner (Овласување да се контактира доктор)* за да го пополнете.

### Телефонска преведувачка служба

Ако сакате да добиете повеќе информации, ве молиме контактирајте го директорот.

Ако ви треба помош од преведувач, телефонирајте во Телефонската преведувачка служба на 131 450 и побарајте преведувач на вашиот јазик. Телефонистот ќе се јави во училиштето и ќе го поврзе преведувачот на линија за да ви помогне при разговорот. За оваа услуга нема да ви наплатат.

Благодарница. Овој материјал беше подготвен со помош на Diabetes Australia-NSW.